

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**18.05.2012-Петок**

## ПРОТОКОЛ



**Посета на делегација од Севлиево, Бугарија**

Во Гевгелија денес престојува делегација од збратимената општина Севлиево, Бугарија, предводена од градоначалникот Иван Иванов.
Со посетата всушност продолжува соработката меѓу двете збратимени општини.
Предвидена е средба на гостите со градоначалникот на општина Гевгелија Иван Франгов, посета на неколку гевгелиски компании, а делегацијата ќе присуствува и на денешната матурска парада.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




ISO 9001
Q-1441

**18.05.2012-Петок**



**54.седница на Совет на општина Гевгелија**

Советот на општина Гевгелија својата 54.седница ќе ја одржи на 22.05.2012 година (вторник), а ќе работи според следниот дневен ред:

1.Предлог-Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2012 до 31.03.2012 година.

2.Предлог-Измени и дополнувања на Буџетот на оп штина Гевгелија за 2012 година.

3.Финансиски извештај за периодот 01.01.2012-31.03.2012 година при ЈПКД"Комуналец"-Гевгелија.

4.Статутарна одлука за измена на Статутот бр.01-1163/1 од 18.12.2009 година на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија.

5.Статутарна одлука за измена на Статутот бр.01-1163/1 од 18.12.2009 година на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија.

6.Предлог-Листа за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Гевгелија.

7.Предлог-Одлука за одобрување поднесување на предлог- проектот "Спа туризам и локален развој" за учество на Вториот повик за предлог проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка Р. Грција-Р. Македонија 2007 - 2013.

8.Предлог-Одлука за одобрување поднесување на предлог- проектот "Вардарска еколошка и туристичка патека" за учество на Вториот повик за предлог проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка Р. Грција-Р. Македонија 2007-2013.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

9.Предлог-Одлука за одобрување поднесување на предлог-проектот "Развој на механизми за одржливо управување на планинските речни сливови" (главно преку реставрација и одржување на постојната инфраструктура) во прекуграничната област како мерка на претпазливост против интензивни поројни феномени"  за учество на Вториот повик за предлог проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка Р. Грција-Р. Македонија 2007-2013.

10.Предлог-Одлука за одобрување поднесување на предлог-проектот "Регулација на дел од каналот за атмосферски води Рауљ" за учество на Вториот повик за предлог проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка Р. Грција-Р. Македонија 2007-2013.

11.Предлог-Одлука за одобрување поднесување на предлог-проектот "Реставрација на објекти прогласени за културно наследство (Библиотека "Гоце Делчев") за учество на Вториот повик за предлог проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка Р. Грција-Р. Македонија 2007-2013.

12.Оставка од член на Советот на општина Гевгелија - Предлог-Решение за престанок на мандат на член на Советот на општина Гевгелија.




**18.05.2012-Петок**

## НАСТАНИ



**Матурска парада**

Гевгелиските матуранти, денес, точно напладне ќе танцуваат во рамките на "Матурската парада 2012", која годинава се одржува во Гевгелија, Скопје, Струга, Охрид, Ресен и Струмица. По звуците на Штраусовиот квадрил од операта "Лилјакот"  150 матуранти од СОУ"Јосиф Јосифовски", ќе го одиграт танцот квадрил и на тој начин ќ е одбележат матурирањето. Тие ќе бидат дел од 2.500 матуранти од земјава и 30.000 матуранти од цела Европа, кои ја прифатија иницијативата на матурантите од Словенија за организирање на матурската парада. За прв пат, манифестацијата се одржа во 2001 година, а македонските матуранти иницијативата ја прифатија во 2007 година.
Во Гевгелија ова е втор пат на организирање на матурската парада, на која ќе се обрати градоначалникот на општина Гевгелија Иван Франгов со своја порака до матурантите, а целиот настан директно ќе биде пренесуван на Македонското радио.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**18.05.2012-Петок**



**Македонија чиста и зелена**

Утре волонтерите на Мировниот корпус во Македонија и "Ајде македонија" заедно со фондацијата "Аполонија" од Гевгелија организираат акција - Македонија чиста и зелена. Во рамките на оваа еко акција, која започнува во 11 часот во градината на хотел "Аполонија" ќе стане збор за управувањето со отпадот.

18.05.2012-Петок

# ИНФОРМАЦИИ



## Инклузивно образование-можности и предизвици

Од 17-19 Мај, 2012 год. во хотел Сириус во Струмица се одржува Научен собир на тема "Инклузивно образование-можности и предизвици" организиран од Сојуз на дефектолози на Македонија . На овој собир активно учество ќе има дефектологот Мими Батанџиева од ООУ Владо Кантарџиев, на кој ќе го излага својот научен труд "Инклузија на деца со аутизам во ООУ Владо Кантарџиев-Гевгелија". Учениците со ПОП(посебни образовни потреби) вклучени во редовниот воспитно-образовен процес стекнуваат подобри способности за вклопување во социјалната средина, подобро се подготвуваат за животот во заедницата и на овој начин се избегнуваат негативните ефекти кои настануваат со исклучувањето и маргинализацијата на лицата попречени во развојот. Инклузијата им овозможува на децата од редовната популација уште од најмали нозе да научат како да се однесуваат кон децата кои се помалку вешти, потешко учат или имаат некои други проблеми кои отскокнуваат од средината. На тој начин во општеството полесно се воспоставуваат принципите на еднаквост и хармонија.






ISO 9001 Q-1441

**18.05.2012-Петок**



## Апел до матурантите

Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот, испраќа апел до сите матуранти во Република Македонија, да не возат на матурската вечер, туку да најдат некој да ги вози. Под мотото "Не си фраер ако загинеш на матура", Советот апелира до матурантите и до нивните родители, да не возат сами до и после прославата, туку да си обезбедат сигурен превоз. Согласно Законот, возачите почетници не смеат да управуваат со возило доколку консумираат алкохол и немаат право да возат по 23 часот доколку со нив не се наоѓа лице постаро од 25 години.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**18.05.2012-Петок**

## ДРУГИТЕ ЗА НАС

Дневник on-line издание

### Нема зголемен интерес за штедење во банките во Гевгелија

Македонците што живеат во Грција потврдуваат дека нивните сограѓани веќе доаѓале на банкарските шалтери во Гевгелија и во Битола и се интересирале какви услови се нудат за да ги префрлат заштедите.

- Не се очекува прилив на огромни средства бидејќи големите компании и бизнисмени уште во 2008 година имаа инсајдерски информации и ги префрлија парите во банките во Лихтенштајн и во Швајцарија. Тешко дека во Македонија може да се префрли поголема сума заштеди поради рестриктивните закони и напнатите политички односи меѓу двете земји - вели Македонец што работи во Солун.

Павле Воскопулос од „Виножито“ објаснува дека чаре за своите заштеди бара средната класа. Тој вели дека и банките во Грција имале трик да ги убедат грчките граѓани да не ги повлекуваат парите.

- Им велат дека ако има проблем, ќе ги испратат во странство, на пример, во Франција или Германија и на тој начин ќе им ги заштитат парите - објаснува Воскопулос.

Локалните власти од Гевгелија не забележале зголемен интерес меѓу грчките граѓани на шалтерите на банките во градот. (И.К.)